Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 75-тата седница одржана на 14.10.2022 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3369/1 од 13.09.2021 година, против неименувани службени лица вработени во Општина /// и против ///, во моментот на поднесување на пријавата - градоначалник на Општина ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со слична фактографија на наводи и се има произнесено по однос на истите - на 75-тата седница одржана на 14.10.2022 година донесе одлука согласно нејзината надлежност (број 12-8064/5 од 19.10.2022 година).

Предметот со број 12-3369/1 од 13.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 13.09.2021 година поднесена е пријава против неименувани службени лица вработени во Општина /// и против ///, во моментот на поднесување на пријавата - градоначалник на Општина ///, и оформен е предмет број 12-3369/1 од 13.09.2021 година.

Во пријавата подносителот изнесува наводи за тенденциозно и противзаконско постапување од страна на службени лица од Општина /// и од страна на градоначалникот на Општина /// во постапки спроведени од страна на Општина /// како надлежен орган, во насока на овозможување на трето лице да стекне недвижен имот на штета на подносителот на пријавата. Според изнесеното во пријавата, службени лица од Општина /// и градоначалникот на Општина /// противзаконски постапиле во постапка за огласување на ништовност на решение за утврдување правен статус на бесправен објект, како и во постапка по барање за повторување на постапка во која е донесено решение за огласување на ништовност на решение за утврдување правен статус на бесправен објект.

Според изнесеното во пријавата, од страна на Општина /// незаконски била спроведена постапката по Барање /// од /// година, поднесено од страна на ///, за огласување на ништовност на Решение за утврдување правен статус на бесправен објект /// од /// година, со кое /// станала сопственик на недвижен имот – станови на ул. /// бр./// - ///.

Според изнесеното во пријавата, во барањето поднесено од страна на барателот /// било наведено дека барателот е косопственик на недвижниот имот и дека со истиот владее, иако според наведеното во пријавата тоа не било случај. Како што е наведено во пријавата, иако Општина /// ја поседувала целокупната документација од управната постапка, вклучително и документацијата во која е утврдена сопственоста на предметниот недвижен имот, со погрешно утврдување на фактичката состојба, со погрешна примена на материјалниот закон и со повреда на управната постапка било донесено Решение /// од /// година со кое е огласено за ништовно Решението /// од /// година, со кое се утврдува правен статус на бесправен објект и согласно кое /// е единствен сопственик на посочениот недвижен имот.

Поради тоа, подносителот се сомнева дека при донесувањето на Решението /// од /// година од страна на службените лица во Општина /// не биле преземени дејствија во насока на проверка на фактите наведени во барањето. Дополнително, според изнесеното во пријавата, подносителот како заинтересирана страна во постапката не бил навремено и уредно известен за донесеното Решение /// од /// година, со што му било ускратено користењето на правни лекови. Како што е изнесено во пријавата, по поднесено барање за повторување на постапката во која било донесено Решението /// од /// година од страна на подносителот на пријавата, Општина /// не постапила.

Врз основа на постапувањето на службените лица и градоначалникот на Општина /// во погоре опишаните околности, подносителот се сомнева дека од страна на истите му било оневозможено на легален и законски начин да го брани својот приватен имот, интереси и уставно загарантирано право.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека околностите опишани во пријавата се содржани во предмет со слична фактографија на наводи, во чии рамки ДКСК има преземено дејствија по што на 75-тата седница одржана на 14.10.2022 година донесе одлука согласно нејзината надлежност (број 12-8064/5 од 19.10.2022 година). Во текот на постапувањето на ДКСК во рамки на предметот по кој ја донесе одлуката со број 12-8064/5 од 19.10.2022 година истата стекна сознанија дека во врска со опишаните околности постапува надлежен орган - Управен суд. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска